# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров<br>Излегува по потреба | 28 Јуни 2012 година<br>Скопје<br>Бр. 7 Год. VII |

www.opstinagpetrov.gov.mk opstinagpetrov@yahoo.com

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бб.
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309


**Содржина:**


1. Одлука за усвојување на Програмата за енергетска ефикасност за период 2012-2014 година на Општина Ѓорче Петров....................2
2. Одлука за усвојување на Планот за енергетска ефикасност на Општина Ѓорче Петров за 2012 година....................4
3. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од Западна индустриска зона Шарпланинска Б3 Општина Ѓорче Петров-Скопје....................6
4. Одлука за исправка на Завршна сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2011 година....................11
5. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година....................14
6. Одлука за утврдување на празник на Општина „Ѓорче Петров“....................16
7. Одлука за измени и дополнување на Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на годишна награда и признанија и одбележување на други празници....................18


**Скопје, Јуни 2012 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Програмата за енергетска ефикасност за период 2012-2014 година на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за усвојување на Програмата за енергетска ефикасност за период 2012-2014 година на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и четвртата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 28.06.2012 година.

**Број 08-1796/1**
**Од 28.06.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 132 став 1 од Законот за енергетика (“Службен весник на РМ” бр.16/11 и 136/11) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општината “Ѓорче Петров“ (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 54-тата седница, одржана на ден 28.06. 2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Програмата за енергетска ефикасност за период 2012-2014 година на Општина Ѓорче Петров**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се усвојува Програмата за енергетска ефикасност за период од 2012-2014 година на Општина Ѓорче Петров, изработена од Центарот за енергетска ефикасност на Македонија ,,МАЦЕФ,,.

Програмата за енергетска ефикасност за период од 2012-2014 година на Општина Ѓорче Петров е составен дел на оваа Одлука.

**Ч л е н 2**

Агенцијата за енергетика на Република Македонија, на ден 13.06.2012 година, согласно Законот за енергетика, даде позитивно мислење на Програмата од став 1 на оваа одлука.

**Ч л е н 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07 - 1653/3**
**од 28.06.2012 год.**
**С к о п ј е**

**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л**
**На Советот на Општина Ѓорче Петров**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Планот за енергетска ефикасност на Општина Ѓорче Петров за 2012 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Планот за енергетска ефикасност на Општина Ѓорче Петров за 2012 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и четвртата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 28.06.2012 година.

**Број 08-1796/2**
**Од 28.06.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 132 став 3 од Законот за енергетика (“Службен весник на РМ” бр.16/11 и 136/11) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општината “Ѓорче Петров“ (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 54-тата седница, одржана на ден 28.06.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Планот за енергетска ефикасност на Општина Ѓорче Петров за 2012 година**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се усвојува Планот за енергетска ефикасност на Општина Ѓорче Петров, за 2012 година, изработен од Центарот за енергетска ефикасност на Македонија ,,МАЦЕФ“.

Планот за енергетска ефикасност за 2012 година, на Општина Ѓорче Петров е составен дел на оваа Одлука.

**Ч л е н 2**

Планот од став 1 на оваа одлука, претставува едногодишен акционен план за спроведување на Програмата за енергетска ефикасност за период од 2012-2014 година, за која Агенцијата за енергетика на Република Македонија, на ден 13.06.2012 година, даде позитивно мислење.

**Ч л е н 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07 - 1653/4**
**од 28.06.2012 год.**
**С к о п ј е**

**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л**
**На Советот на Општина Ѓорче Петров**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за дел од Западна индустриска зона Шарпланинска Б3 Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за донесување на Детален Урбанистички План за дел од Западна индустриска зона Шарпланинска Б3 Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и четвртата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 28.06.2012 година.

**Број 08-1796/3**
**Од 28.06.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# О Д Л У К А
## за донесување на Детален урбанистички план за дел од Западна индустриска зона Шарпланинска Б3 Општина Ѓорче Петров-Скопје

**јуни 2012 година**

**Скопје**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина „Ѓорче Петров" („Службен гласник на Град Скопје" бр 5/2006) и член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.Македонија" број 51/05, 137/07, 91/2009, 124/10, 18/201 и 53/11), Советот на Општина Ѓорче Петров на 54-тата седница одржана на  28.06.2012  година, донесе:

## О Д Л У К А
## за донесување на Детален урбанистички план за дел од Западна индустриска зона - Шарпланинска БЗ Општина Ѓорче Петров - Скопје

### Ч л е н 1

Со оваа Одлука се донесува Деталниот урбанистички план за дел од Западна индустриска зона - Шарпланинска БЗ, Општина Ѓорче  Петров, Скопје.

Деталниот урбанистички план во целост ги почитува одредбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје (Службен гласник на Град Скопје бр.8/2002), Законот за просторно и урбанистичко планирање,(Сл. весник на Р.Македонија бр. 51/2005,137/2007, 91/2009, 124/10,18/11 и 53/11), Правилникот за поблиска содржина, размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на Р.Македонија бр.78/2006)  и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.Македонија бр. 142/2010 и 64/2011).

### Ч л е н 2

Просторот за кој се донесува Деталниот урбанистички план за дел од Западна индустриска зона - Шарпланинска БЗ,  Општина Ѓорче Петров - Скопје, е со површина од 13,60 ха, со следни граници на опфат:

- **североисток:** Осовина на бул." Илинден"
- **југоисток:** Осовина на улица "Лепенец", осовина на влезот на парцелата, северозападна граница на КП 1258, односно југоисточна граница на "Словин-Југококта"
- **југозапад:** Осовина на ул. "Шарпланинска"
- **северозапад**: граница на ГРО Бетон, односно северозападна граница на КО 1258.

### Ч л е н 3

Деталниот урбанистички план за дел од Западна индустриска зона Шарпланинска БЗ, Општина Ѓорче Петров е  изработен од АД ЗУАС-Скопје,  со технички број 2333/11.

Деталниот урбанистички план содржи:

**ВОВЕД**

**I. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

Вовед

1. Географско и геодетско одредување на планскиот опфат
2. Историјат на планирање и уредување на планскиот опфат
3. Состојба на природни чинители
4. Создадени вредности
5. Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд
6. Инвентаризација и снимка на изградена комунална инфраструктура
7. Инвентаризација и снимка на бесправно изградени објекти
8. Анализа на степен на реализација на важечки урбанистички план
9. Анализа на можностите за просторен развој
10. Извод од план од повисоко ниво

**Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. Извод од ГУП на Скопје од 2002 год.............................. 1:5000
2. Извод од постоен ДУП ............................................ 1:1000
3. Ажурирана геодетска подлога .................................... 1:1000
4. Инвентаризација и снимка на бесправна градба........ 1:1000
5. Инвентаризација на постоен градежен фонд............... 1:1000
6. Инвентаризација на постојна инфраструктура............. 1:1000

**II.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат
2. Географска и геодетска местоположба
3. Текстуални одредби од извод од план од повисоко ниво
4. Планска програма
5. Опис и образложение на планскиот концепт
6. Опис и образложение на планските решенија за изградба
7. Економско образложение
8. Општи услови за изградба
9. Посебни услови за изградба

**Б. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ**

1. Нумерички показатели
2. Билансни показатели

**В. ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. План на намена на земјиштето и градбите ...................... 1:1000
2. План на површини за градење и регулационен план ...........1:1000
3. Сообраќаен и нивелационен план......................................... 1:1000
4. Инфраструктурен план ......................................................... 1:1000
5. Синтезен план ........................................................................ 1:1000

**Ч л е н 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров и потпис на претседателот на Советот на Општината.

**Ч л е н 5**

Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров, во рок од 30 дена од завршување на целокупната законска постапка за донесување на Деталниот урбанистички план, ќе обезбеди комплетна документација за реализација на Планот.

**Ч л е н 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се составен дел на оваа Одлука и истиот се чува во Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општината.

**Ч л е н 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров”.

**Број 07 -1653/5**
**од 28.06.2012 год.**
**С к о п ј е**

**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л,**
**на Советот на Општина Ѓорче Петров**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за исправка на Завршна сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2011 година**

Се објавува Одлуката за исправка на Завршна сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2011 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и четвртата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 28.06.2012 година.

**Број 08-1796/4**
**Од 28.06.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Р.М. бр.5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Службен Весник на Р.М. бр. 61/2004,96/2004 и 67/2007) Советот на Општина Ѓорче Петров на 54-та седница одржана на 28.06.2012 година донесе:

## О Д Л У К А
### за исправка на Завршна сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2011 година

**Член 1**

Се врши исправка во член 1 од Завршна сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2011 година, бр.07-451/6 од 28.02.2012 година, на начин што во општиот дел, дел римско I, во колоната Завршна сметка наместо бројот 315.974.211 треба да стои бројот 309.665.490, во ставката неданочни приходи, наместо бројот 27.940.902 треба да стои бројот 21.632.103 и во делот римско III Дефицит наместо бројот 21.028.800 треба да стои бројот 28.091.281.

**Член 2**

Се менува член 2 од Завршната сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2011 година, и истиот гласи:

Дефицитот е надоместен од депозитните средства, односно од салдото на жиро сметките од претходната година.

Салдото на сите сметки на Буџетот на Општина Ѓорче Петров на 31.12.2011 година изнесува:

| | |
|---|---|
| **Вкупно салдо на сите сметки** | **41.274.818,00** |
| Салдо на основен буџет "630 " | 14.818.109,00 |
| Салдо на сметка дотации "930" | 36.705,00 |
| Салдо на сметка самопридонес "784" | 24.994.450,00 |
| Салдо на самофинансирачки активности | |
| на Општинските Јавни Установи " 787" | 1.425.554,00 |

**Член 3**

Исправките на Завршната сметка на Општина Ѓорче Петров за 2011 година, стапуваат во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Бр. 07- 1653/6**
**од 28.06.2012 година**
**Скопје**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година**

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и четвртата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 28.06.2012 година.

**Број 08-1796/5**
**Од 28.06.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална та самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002 година) и член 16 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.05/2006 година), Советот на Општина Ѓорче Петров на 54-та седницата одржана на 28.06.2012 година , донесе

**О Д Л У К А**
**За измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средства во Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2012 година И тоа на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **F10** | **УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ** | | | | | |
| 425640 | Изработка на просторни и урбанистички планови | -1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **F20** | **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ** | | | | | |
| 421190 | Други комунални такси и услуги | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **F30** | **УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА** | | | | | |
| 421190 | Други комунални такси и услуги | 3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JD0** | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ** | | | | | |
| 485420 | Надомест за одземен имот | -1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JI0** | **ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ** | | | | | |
| 482320 | Изградба на пречистителни станици и колектори | -2.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Ѓорче Петров и станува составен дел на Буџетот на општината за 2012 година.

**Претседател на Советот на Општина**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски** с.р

**Бр. 07- 1653/7**
**28.06.2012 Ѓорче Петров**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување на празник на Општина „Ѓорче Петров“**

Се објавува Одлуката за утврдување на празник на Општина „Ѓорче Петров“, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и четвртата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 28.06.2012 година.

**Број 08-1796/6**
**Од 28.06.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06) и член 3 од Статутарната Одлука за измени и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.6/12), Советот на Општина Ѓорче Петров, на 54-тата седница одржана на ден 28.06.2012 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за утврдување на празник на Општина „Ѓорче Петров“**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува празник на Општина Ѓорче Петров и Годишна награда „Ѓорче Петров“.

**Член 2**

За празник на Општина „Ѓорче Петров“ се утврдува 20 септември-ден кога во 1945 година, Општинскиот народноослободителен одбор прифатил Ханриево да се преименува во Ѓорче Петров.

**Член 3**

По повод Празникот на Општината „Ѓорче Петров“, се утврдува годишна награда „Ѓорче Петров“, за особени успеси и придонес во развојот и афимирањето на Општината „Ѓорче Петров“.

Наградата „Ѓорче Петров“ ќе се доделува на организации и поединци кои дале особен придонес во равојот и афирмацијата на Општина „Ѓорче Петров“.

**Член 4**

Условите, начинот и постапката за доделување на наградата „Ѓорче Петров“, ќе бидат утврдени со посебен акт на Советот на Општина „Ѓорче Петров“.

**Член 5**

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување празник на Општина „Ѓорче Петров“ број 07-693/6 од 27.06.2001 година, објавена во „Службен Гласник на Град Скопје бр.10/01“.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-1653/8**
**од 28.06.2012 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена и дополнување на Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на годишна награда и признанија и одбележување на други празници**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на годишна награда и признанија и одбележување на други празници , што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и четвртата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 28.06.2012 година.

**Број 08-1796/8**
**Од 28.06.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Р.М. бр.5/2002) и член 16 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06) Советот на Општина Ѓорче Петров на 54-тата седница одржана на 28.06.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за измени и дополнување на Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на годишна награда и признанија и одбележување на други празници**

**Член 1**

Во Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на годишна награда и признанија и одбележување на други празници под број 07-1263/3 од 19.06.2006 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.6/06) се вршат измени и дополнувања.

**Член 2**

Член 7 став 2 се менува и гласи:

„Конкурсот се објавува во средствата за јавно информирање најдоцна 60 дена пред денот на празникот во тековната година и трае 30 дена“.

**Член 3**

Член 16 став 4 се менува и гласи:

„Седницата на Советот на која се донесува Одлука за доделување на награда треба да се одржи најдоцна 10 дена пред доделување на наградата“**.**

**Член 4**

Член 17 став 2 се менува и гласи:

„Наградата се доделува на празникот на Општината во тековната година“.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-1653/9**
**Од 28.06.2012 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р**